ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ХИДРО ГРУП ДООЕЛ извоз-увоз Велес – во стечај, по одржаното Собрание на доверители на ден 08.10.2025 година во присуство на стечајниот управник на должникот Маринко Саздовски од Скопје, како и доверителите Друштво за трнспорт, шпедиција и услуги ЛКВ Костовски ДООЕЛ с. Долно Каласлари Велес преку полномошники адвокат Грозданчо Сутинов од Велес, АД ИНСА индустирја за саати Белград (Земун) преку полномошник адвокат Никола Арсовски од Скопје и РСМ МФ УЈП РД Прилеп застапуван од застапник по закон ДП на РСМ за Велес Дејан Трајчевски, на ден 15.10.2025 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ КОНСТАТИРА дека Собранието на доверители на стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ХИДРО ГРУП ДООЕЛ извоз-увоз Велес – во стечај донесе одлука со која НЕ СЕ ПРИФАЌА понудата за продажба на имотот на стечајниот должник и тоа подвижни предмети опишани од реден број 1 до реден број 420 во Извештајот за проценка на залихи за цена од 2.063.900,00 денари, на понудувачот Друштво за трговија и услуги ИНТЕЛЕКТ БИТОЛА ДООЕЛ.

## О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на овој суд СТ.бр.17/2024 од 03.03.2025 година отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ХИДРО ГРУП ДООЕЛ извоз-увоз Велес – во стечај.

Врз основа на одлука на Извештајното Собрание на доверители и одлука на Одборот на доверители, а согласно чл.98 и чл.99 од Законот за стечај, од страна на стечајниот управник е објавен оглас за продажба на имот - стечајна маса на должникот кој се состои од подвижни предмети опишани од реден број 1 до реден број 420 во Извештајот за проценка на залихи, а која се одржа на ден 11.09.2025 година.

Стечајниот управник до судот на ден 19.09.2025 година достави предлог за свикување на Собрание на доверители по спроведена постапка на електронска продажба, со која го извести судот дека на одржаната електронска аукција е постигната највисока понуда за имотот предмет на продажба.

На одржаната седница на Собранието на доверители на ден 08.10.2025 година, присутни беа доверители со побарувања од 27.17 % од вкупно утврдените побарувања и истите гласаа на следниот начин: Друштво за трнспорт, шпедиција и услуги ЛКВ Костовски ДООЕЛ с. Долно Каласлари Велес со 3.56 % утврдено побрување и АД ИНСА индустирја за саати Белград (Земун) со 15.92 % утврдено побарувања гласаа ПРОТИВ прифаќање на понудата, додека доверителот РСМ МФ УЈП РД Прилеп со утврдено побарување од 7.69 % побара рок од 15 дена за писмено произнесување.

Со писмен поднесок примен во судот на ден 15.10.2025 година, доверителот РСМ МФ УЈП РД Прилеп се произнесе дека гласа ЗА прифаќање на понудата.

При ваква состојба, а како 71.7 % од присутните доверители односно мнозинство од присутните доверители на собранието на доверители гласаа ПРОТИВ прифаќање на понудата, и при состојба кога донесената одлука на Собранието на доверители е во согласност со чл.99 ст.2 од Законот за стечај и е донесена со потребното мнозинство во смисла на чл.47 ст.2 од истиот закон, следуваше судот да одлучи како изреката на решението, а согласно чл.11 ст.1 од Законот за стечај.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС СТ.бр.17/24 од 24.10.2025 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение дозволено е право на жалба во рок од 8 дена од приемот односно од објавување на огласна табла на судот преку овој суд до Апелациониот суд Скопје. Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

ДН. -стечаен управник Маринко Саздовски од Скопје
-понудувач - Друштво за трговија и услуги ИНТЕЛЕКТ БИТОЛА ДООЕЛ
- огласна табла на судот
- ЦРРСМ -е-стечај.